Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë Së Veriut
Јавно претпријатие за јавни паркиралишта
Ndërmarrja publike për parkingje publike
ГРАДСКИ ПАРКИНГ - PARKINGU I QYTETIT
Бр.Nr. 02-331/3
06 08 2024 год.-viti
СКОПЈЕ-SHKUP

Врз основа на член 5 став 3,4 и 5 од Законот за јавните претпријатија (Сл,.весник на Р.М. бр.38/96,9/97,40/03,49/06,22/07,83/09,97/10,6/12,119/13,41/14,138/14,25/15,61/15, 64/18,35/19,275/19,89/22 и 274/22, и член 27 од Статутот на ЈП Градски Паркинг – Скопје, Управниот Одбор во рамки на своите права и овластувања на ден 06.08.2024 година ја донесе следнава:

# О Д Л У К А

за усвојување на Тримесечен Извештај со показатели за финансиското работење на ЈП Градски паркинг-Скопје за период 01.04.2024 год. до 30.06.2024 год.

***Член 1***

Предмет на оваа Одлука е усвојување на Тримесечен Извештај со показатели за финансиското работење на ЈП Градски паркинг-Скопје за период 01.04.2024 год. до 30.06.2024 год.

Член 2

Се задолжува Директорот на претпријатието горенаведениот Извештај да го достави до основачот и истиот да го објави на веб страната на претпријатието.

***Член 3***

Одлуката стапува на сила со денот на донесувањето.

ЈП Градски паркинг- Скопје
Скопје. 06.08.2024 година

УПРАВЕН ОДБОР НА
ЈП ГРАДСКИ ПАРКИНГ-СКОПЈЕ
Претседател,
Игор Кралевски

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë Së Veriut
Јавно претпријатие за јавни паркиралишта
Ndërmarrja publike për parkingje publike
ГРАДСКИ ПАРКИНГ - PARKINGU I QYTETIT
Бр.Nr. 02-331/3
06 08 2024 год.-viti
СКОПЈЕ-SHKUP

Ј.П. ГРАДСКИ ПАРКИНГ
СКОПЈЕ
N.P. Parkingu i Qyetit - Shkup

# ТРИМЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ СО ПОКАЗАТЕЛИ ЗА ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ ЗА ПЕРИОД ОД 01.04.2024-30.06.2024 ГОДИНА

# ВОВЕД

Во вториот квартал од годината, ЈП Градски Паркинг- Скопје оствари позитивен финансиски резултат – добивка на износ 5.041.716,00 денари. Приходите заклучно 30.06.2024 година изнесуваат 71.032.316,00 денари. Расходите се на износ 65.990.600,00 денари.

# БИЛАНС НА УСПЕХ

## ЗА ПЕРИОД ОД 01 АПРИЛ ДО 30 ЈУНИ 2024 ГОДИНА

| **ПРИХОДИ – кл. 7** | **2024 година** | **2023 година** |
|---|---|---|
| | | |
| **ПРИХОДИ ОД СЕКТОР ЈАВНИ ПАРКИРАЛИШТА** | 64.461.213,00 | 55.556.575,00 |
| | | |
| **ПРИХОДИ ОД СЕКТОР ПАЈАК** | 6.082.463,00 | 6.480.086,00 |
| | | |
| **ОСТАНАТИ ПРИХОДИ** | 486.271,00 | 506.673,00 |
| | | |
| **ФИНАНСИСКИ ПРИХОДИ** | 2.369,00 | 2.033,00 |
| **ВКУПНО ПРИХОДИ** | **71.032.316,00** | **62.545.367,00** |

| **РАСХОДИ – кл.4** | **2024 година** | **2023 година** |
|---|---|---|
| | | |
| **ТРОШОЦИ НА СУРОВИНИ И МАТЕРИЈАЛИ** | 2.605.308,00 | 2.744.588,00 |
| | | |
| **ТРОШОЦИ ЗА УСЛУГИ** | 12.539.372,00 | 13.727.020,00 |
| **ПЛАТА, НАДОМЕСТОЦИ ОД ПЛАТА И** | | |
| **ДРУГИ ТРОШОЦИ НА ВРАБОТЕНИ** | 45.751.838,00 | 36.856.779,00 |
| | | |
| **ТРОШОЦИ ЗА АМОРТИЗАЦИЈА** | 2.663.105,00 | 3.284.950,00 |
| | | |
| **ОСТАНАТИ ОПЕРАТИВНИ РАСХОДИ** | 2.283.772,00 | 2.005.744,00 |
| | | |
| **ВРЕДНОСНО УСОГЛАСУВАЊЕ НА ПОБАРУВАЊА И ОСТАНАТИ РАСХОДИ** | 145.069,00 | 118.908,00 |
| | | |
| **ФИНАНСИСКИ РАСХОДИ** | 2.136,00 | 7.139,00 |
| **ВКУПНО РАСХОДИ:** | **65.990.600,00** | **58.745.128,00** |

## ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТ

| ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТ | 2024 ГОДИНА | 2023 ГОДИНА |
|---|---|---|
| | | |
| Вкупно приходи | 71.032.316,00 | 62.545.367,00 |
| Вкупно расходи | 65.990.600,00 | 58.745.128,00 |
| Добивка | 5.041.716,00 | 3.800.239,00 |

# ПРИХОДИ

Приходите за период 01.04.2024-30.06.2024 година изнесуваат 71.032.316,00 денари односно, како што следи:

- Сектор Јавни паркиралишта 64.461.213,00 ден.
- Сектор Пајак 6.082.463,00 ден.
- Останати приходи 486.271,00 ден.
- Финансиски приходи 2.369,00 ден.

## ПРИХОДИ ОД СЕКТОР ЈАВНИ ПАРКИРАЛИШТА

Во рамки на Сектор Јавни паркиралишта реализирани се следните приходи:

| ПРИХОДИ ОД СЕКТОР ЈАВНИ ПАРКИРАЛИШТА | 2024 година | 2023 година | разлика | индекс |
|---|---|---|---|---|
| 1. затворени паркинзи | 20.806.112,00 | 19.678.653,00 | 1.127.459,00 | 1,06 |
| 2.зонско паркирање | 35.466.478,00 | 28.736.090,00 | 6.730.388,00 | 1,23 |
| 3.катна гаража-Беко | 4.732.632,00 | 4.579.878,00 | 152.754,00 | 1,03 |
| 4.катна гаража-26-ти Јули | 3.455.991,00 | 2.561.954,00 | 894.037,00 | 1,35 |
| Вкупно приходи: | 64.461.213,00 | 55.556.575,00 | 8.904.638,00 | 1,16 |

Во споредба со минатата година, вкупните приходи кај Сектор Јавни паркиралишта се зголемени севкупно за 8.904.638,00 денари .

Кај затворените паркинзи приходите се зголемени за 1.127.459,00 денари.

Кај зонското паркирање бележиме зголемување на приходите за 6.730.388,00 денари. Најзначителен пораст на приходите во рамките на зонското паркирање бележиме кај наплата на паркирање по пат на испраќање смс пораки. Пораст бележиме и кај

претплатите за зонско паркирање но и кај останатите начини на наплата на паркинг услугата:доплатни карти и наплата со QR-код. Кај продажбата на греб картички има незначителен пад од 19.233,00 денари

Во спредба со истиот период од минатата година катната гаража „Беко“ има зголемување на приходите за 152.754,00 денари додека пак катната гаража „26-ти Јули“ бележи зголемување на приходите за 894,037,00 денари.

## *ПРИХОДИ ОД СЕКТОР ПАЈАК*

| ПРИХОДИ ОД СЕКТОР ПАЈАК | 2024 година | 2023 година | разлика | индекс |
|---|---|---|---|---|
| 1. дневен промет | 6.075.425,00 | 6.466.526,00 | -391.101,00 | 0,94 |
| 2.фактурирана услуга | 7.038,00 | 13.560,00 | -6.522,00 | 0,52 |
| **Вкупно приходи :** | **6.082.463,00** | **6.480.086,00** | **-397.623,00** | **0,94** |

Вкупно остварен нето приход во Сектор Пајак изнесува 6.082.463,00 денари и е помал во споредба со минатата година за 397.623,00 денари. Во вториот квартал од годината наплатени се 3489 возила односно 62 возила помалку во спордба со истиот период од минатата година кога се наплатени 3.551 возила.

Работата на сектор пајак во најголем дел е условена од соработката со МВР од причина што возилата се подигаат по налог на полиција. Сметаме дека постојат и други околности кои влијаат како : недоволната екипираност со вработени во однос на бројот на специјални возила со кои располага претпријатието, понатаму работењето е условено и од исправноста на возилата, временските услови итн.

## *ОСТАНАТИ ПРИХОДИ*

| ОСТАНАТИ ПРИХОДИ | 2024 година | 2023 година | разлика | индекс |
|---|---|---|---|---|
| од отпишани побарувања и обврски | 15.120,00 | 8.786,00 | 6.334,00 | 1,72 |
| од субвенции дадени во опрема | 367.902,00 | 367.902,00 | 0,00 | 1,00 |
| од наплатени судски трошоци | 29.051,00 | 12.115,00 | 16.936,00 | 2,40 |
| од наплата на штети | 9.000,00 | 82.898,00 | -73.898,00 | 0,11 |
| од др.надомест, вонред.приходи, од мин.години | 65.198,00 | 34.972,00 | 30.226,00 | 1,86 |
| **Вкупно приходи :** | **486.271,00** | **506.673,00** | **-20.402,00** | **0,96** |

Во првиот вториот квартал од годината остварени се останати приходи на износ 486.271,00 денари.

Истите произлегуваат од наплата на отпишани побарувања и обврски 15.120,00 денари; приходи од субвенции и донации дадени во опрема 367.902,00 денари евидентирани во согласност со МСС стандарди; приходи од судски трошоци 29.051,00 денари приходи од наплата на штети 9.000,00 денари како и други приходи на износ 65.198,,00 денари .

### *ФИНАНСИСКИ ПРИХОДИ*

Во оваа група спаѓаат приходи по основ камата, позитивни курсни ралики и слично. Заклучно месец март бележиме приходи на износ 2.369,00 денари.

## *РАСХОДИ*

Расходите за период 01.04.2024-30.06.2024 година се на износ 66.990.600,00 денари.

### *ТРОШОЦИ ЗА СУРОВИНИ И МАТЕРИЈАЛИ*

| опис | 2024 година | 2023 година | разлика | Индекс |
|---|---|---|---|---|
| **Потрошни помош.материјали и с-ва за чистење** | 68.368,00 | 73.494,00 | -5.126,00 | 0,93 |
| **Канц.матер.,фискал.бар код ролни, чип и греб картички** | 537.193,00 | 367.689,00 | 169.504,00 | 1,46 |
| **ел.енергија,парно** | 829.266,00 | 1.345.880,00 | -516.614,00 | 0,62 |
| **гориво и масло за подмачкување** | 877.599,00 | 885.856,00 | -8.257,00 | 0,99 |
| **Отпис на сит.инвент.авто гуми во употреба и ХТЗ опрема** | 292.882,00 | 71.669,00 | 221.213,00 | 4,09 |
| **вкупно:** | **2.605.308,00** | **2.744.588,00** | **-139.280,00** | **0,95** |

Материјалните трошоци во вториот квартал од годината изнесуваат 2.605.308,00 денари. Оваа група на трошоци, споредена со минатата година, е помала за 139.280,00 денари.

Во оваа група трошоци спаѓаат: потрошни- помошни материјали и средства за чистење 68..368,00 денари, канцелариски материјали, фискални ролни и бар код хатртија, чип и греб картички 537.193,00 денари, електрична енергија и парно 829.266,00 денари, гориво 877.599,00 денари како и трошокот за инвентар, автогуми и ХТЗ опрема 292.882,00 денари. Од прегледот може да се забележи дека кај одделни трошоци имаме намалување – трошокот за потрошни материјали и средства за чистење , трошокот за електрична енергија и трошокот за гориво, додека кај други трошоци бележиме пораст. Трошоците кои бележат пораст се резултат на зголемен обем на работа. Во овој квартал од годината поголем е трошокот за ставање во употреба на ХТЗ опрема набавена во текот на оваа година.

## ТРОШОЦИ ЗА УСЛУГИ

| опис | 2024 година | 2023 година | разлика | Индекс |
|---|---|---|---|---|
| Поштенски,телефонаки услуги и интернет | 515.148,00 | 445.556,00 | 69.592,00 | 1,16 |
| Услуги за тековно одржување | 3.714.694,00 | 1.722.782,00 | 1.991.912,00 | 2,16 |
| Трошоци за наем | 1.035.863,00 | 827.889,00 | 207.974,00 | 1,25 |
| Комунални услуги | 1.702.533,00 | 826.341,00 | 876.192,00 | 2,06 |
| Останати услуги | 295.970,00 | 186.394,00 | 109.576,00 | 1,59 |
| Останати непроизводствени услуги | 5.275.164,00 | 4.253.114,00 | 1.022.050,00 | 1,24 |
| Останати услуги - времени вработувања | 0,00 | 5.464.944,00 | -5.464.944,00 | 0,00 |
| вкупно: | 12.539.372,00 | 13.727.020,00 | -1.187.648,00 | 0,91 |

Во оваа група на трошоци спаѓаат: трошок за ПТТ услуги, телефон, електронски комуникации, трошоци за тековно одржување на материјални и нематеријални основни средства и ситен инвентар, градежни работи и бележење, трошоци за изработка на информативни табли, наем, комунални услуги, транспорт на пари, администрирање на системот за зонско паркирање како и трошок за времени вработувања.

Во вкупен износ евидентирани се трошоци на износ 12.539.372,00 денари. Во однос на минатата година бележиме намалување за 1.187.648,00 денари.

Зголемување на трошоците бележиме кај трошоците за бележење ,изработка на инфо табли, градежни работи и брендирање кои во најголем дел произлегуваат од проширување на зонското паркирање но и поправки и обновување на дел од затворените јавни паркиралишта.

Трошокот за комунални услуги односно на услугата за собирање на смет е значително поголем како резултат на тоа што претпријатието во месец август минатата година беше задолжено од страна на ЈП Комунална хигиена –Скопје да плаќа ѓубретарина за дел од јавните површини за паркирање кај кои досега не се плаќало за овој тип на услуга.
Поголем е трошокот за одржување на системот за зонско паркирање од причина што остварен е поголем промет во овој квартал од годината споредено со минатат година.
Во вториот квартал не се евидентирани трошоци за времени вработувања оттука и намалување на трошокот за 5.464.944,00 денари.

## *ПЛАТА, НАДОМЕСТОЦИ ОД ПЛАТА И ДРУГИ ТРОШОЦИ*

| **опис** | **2024 година** | **2023 година** | **разлика** | **Индекс** |
|---|---|---|---|---|
| **вкалкулирани плати** | 45.492.767,00 | 36.834.557,00 | 8.658.210,00 | 1,24 |
| **отпремнина** | 80.562,00 | 0,00 | 80.562,00 | - |
| **јуб.награди за 10 год.стаж** | 20.341,00 | 0,00 | 20.341,00 | - |
| **Помош на вработени** | 158.168,00 | 22.222,00 | 135.946,00 | 7,12 |
| **вкупно:** | **45.751.838,00** | **36.856.779,00** | **8.895.059,00** | **1,24** |

Трошокот за плати изнесува 45.751.838,00 денари и е поголем во споредба со минатата година за 8.895.059,00 денари. Заклучно месец јуни бројот на вработени во јавното претпријатие изнесува 256 лица. Бројот на вработени во истиот период минатата година изнесувал 251 лице. Трошокот за плати варира како резултат на флуктуации на вработените по основ на користење боледувања, неплатени отсуства, отказ, пензионирање , надоместоци од плата согласно колективен договор заради што трошокот на плата соодветно се менува. Зголемувањето на трошкот за плати произлегува пред се како резултат на зголемување на платите за 10% согласно примена на Колективниот договор за јавен сектор од крајот на минатата година со примена за платите од месец септември 2023 година. Во 2024 година имавме корекцијата – усогласување на платите каде линеарно беа зголемени за 2.176,00 денари почнувајќи од платата за месец февруари.

Во вториот квартал на годината евидентирани се трошоци за една отпремнина на износ 80.562,00 денари на вработен кој остварил право на старосна пензија. Надоместок за јубилејна награда за 10 години непрекинат стаж во претпријатието е пресметан за еден вработени на износ од 20.341,00 денари со вклучен данок на личен доход.
За помош на тројца вработени по основ смрт на вработен и смрт на член на семејство (родител) евидентирани се трошоци на износ 158.168,00 денари.

## *АМОРТИЗАЦИЈА*

Трошокот за амортизација изнесува 2.663.105,00 денари.

## *ОСТАНАТИ ТРОШОЦИ НА РАБОТЕЊЕ*

| **опис** | **2024 година** | **2023 година** | **разлика** | **Индекс** |
|---|---|---|---|---|
| **др.надоместоци на вработени,обуки исл.** | 42.000,00 | 7.472,00 | 34.528,00 | 5,62 |
| **хонорари на управен и надзорен одбор** | 457.782,00 | 466.671,00 | -8.889,00 | 0,98 |
| **репрезентација** | 50.056,00 | 67.239,00 | -17.183,00 | 0,74 |
| **трошоци за осигурување** | 55.583,00 | 232.411,00 | -176.828,00 | 0,24 |
| **банкарски провизии** | 206.145,00 | 180.339,00 | 25.806,00 | 1,14 |
| **трош за ДДВ** | 945.891,00 | 707.910,00 | 237.981,00 | 1,34 |
| **Останати трошоци на работењето** | 526.315,00 | 343.702,00 | 182.613,00 | 1,53 |
| **вкупно:** | **2.283.772,00** | **2.005.744,00** | **278.028,00** | **1,14** |

Во групата „останати трошоци на работење“ евидентирани се трошоци на износ 2.283.772,00 денари. Ако се споредат со минатата година кога изнесувале 2.005.744,00 денари, се забележува зголемување за 278.028,00 денари.

Во групата спаѓаат следните трошоци: надоместоци на вработените за обуки на износ 42.000,00, надоместоци на органите на управување 457.782,00 денари, репрезентација 50.056,00 денари, осигурување 55.583,00 денари, банкарски провизии 206.145,00 денари, трошок за ДДВ 945.891,00 денари ; како и останати трошоци на работење-група во која евидентирани се трошоци во вкупен износ од 526.315,00 денари а во која спаѓаат трошоците за правно-адвокатски-нотарски услуги, административни такси и членарини на износ 166.941,00 денари,услуги за ревизија на финансиски извештаи 200.000,00 денари, договор на дело 99.999,00 денари како и трошоци за огласување и претплата на весници и стручни списанија на износ 59.375,00 денари.

## *ВРЕДНОСНО УСОГЛАСУВАЊЕ НА НЕТЕКОВНИ И ТЕКОВНИ СРЕДСТВА*

Тужени побарувања евидентираме на износ 122.940,00 денари. Истите произлегуваат од 2022 година и се однесуваат по основ на издадени доплатни карти заради неплатена услуга за зонско паркирање.

## *ОСТАНАТИ РАСХОДИ*

Во оваа група, евидентирани се трошоци во вкупен износ од 22.129,00 денари и истите се однесуваат на трошоци за одобренија по рекламации на износ 3.719,00 денари како и трошоци од минати години на износ 18.410,00 денари.

## *ФИНАНСИСКИ РАСХОДИ*

Во рамки на финансиски расходи бележиме трошок на износ 2.136,00 денари кој отпаѓа на казнена камата за задоцнето плаќање на обврски по основ електрична енергија и ѓубретарина .

## *ФИНАНСИСКИ ПОКАЗАТЕЛИ ОД БИЛАНСОТ НА СОСТОЈБА*

Во второто тромесечие од годината односно во периодот 01.04.2024-30.06.2024 година е вложувано во набавка на основни средства и тоа 3 паркомати, систем за видео надзор како и еден клима уред севкупно на износ 3.690.373,00 денари.

## *ПАРИЧНИ СРЕДСТВА И ПОБАРУВАЊА*

Парични средства на трансакциските сметки со кои располага претпријатието збирно на 30.06.2024 година како и девизната сметка, благајна и виза картичка изнесува 74.883.502,00 денари.

Евидентирани се побарувања од купувачи на износ 63.591.435,00 денари . Наплата бележиме во извештајниот период износ 63.709.722,00 денари.

## *ОБВРСКИ*

Евидентирани се обврски кон добавувачи на износ 22.412.417,00 денари додека пак плаќања се извршени по обврски кон добавувачи на износ од 23.227.354,00 денари.

Дополнително, обврската за комунална такса за тримесечниот период изнесува 6.416.916,00 денари. Во овој квартал платена е обврска за комунална такса од 2023 година на износ 5.642.827,00 денари.

# ЗАКЛУЧОК

За период 01.04.2024-30.06.2024 година ЈП Градски Паркинг- Скопје бележи позитивен финансиски резултат – добивка на износ 5.041.716,00 денари.

Во второто тромесечие бележиме згоолемување на оперативните приходи од паркирање и незначителен пад на приходите од подигање на непрописно паркирани возила. Приходите од паркирање се зголемени како кај затворените јавни паркиралишта така и кај зонското паркирање. Се внимава на трошоците на работење да се минимизираат секаде каде тоа го дозволува процеот на работење.

Претпријатието навремено ги подмирува тековните обврски како што се: обврски кон добавувачите, даночните обврски, оврските кон вработените за плати и придонеси итн. Но, сметаме дека обврската за комунална такса сериозно финансиски го оптоварува претпријатието.

Очекуваме во периодот што следи дека во соработка со Градоначалникот и основачот – Градот Скопје ќе се превземат мерки за нејзино намалување.

Датум:19.07.2024

изработил:
Катерина Палитова

ЈП Градски Паркинг- Скопје
Директор,
Михаил Петровски